Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр. 1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

# СЀ ПОВЕЌЕ КОМПАНИИ СЕ ИНФОРМИРААТ ЗА СИСТЕМОТ Е-ФАКТУРА

Во рамки на активностите на Управата за јавни приходи за Проектот е-Фактура, на ден 17.06.2026 година во Кичево беше одржана работилница посветена на системот е-Фактура. Работилницата се одржа во соработка со Стопанската Комора на Македонија - Регионалната Комора Кичево.

Сѐ поголем број компании покажуваат интерес за новиот систем и активно се вклучуваат во информативните настани, каде што добиваат директни информации, насоки и практични појаснувања од стручните лица на УЈП.

Преку овие средби, компаниите имаат можност од прва рака да се запознаат со функционалностите на системот, придобивките од неговата примена и процесот на тестирање, како и да поставаат прашања поврзани со неговото користење.

***УЈП ги повикува сите компании активно да се вклучат во тест-периодот на системот е-Фактура и преку своите искуства и повратни информации да придонесат за негово успешно имплементирање.***



